АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
Су. бр.01-5/2016
03.02.2016 год.
Б и т о л а

Врз основа на чл.142 став 5 и 6 од Законот за јавни набавки-пречистен текст ( Службен весник на РМ бр.24/12) , ВД Претседатеот на Апелационот суд Битола, Љиљана Чочковска, на ден 03.02.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. За најповолен понудувач - носител на набавката за Апелациониот суд Битола за набавка на стоки – фотокопирна хартија која се спроведе со постапка со објавување на оглас за прибирање на понуди- член 100 став 1 в.в. ст.3 а в.в. со чл.24 од Законот за јавни набавки, објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки под бр.01/2016 и по спроведената е-аукција на ден 03.02.2016 година, **СЕ ИЗБИРА**:

**ДОО,,БАРБИ,, Битола, ул. 11-ти Октомври бр.2-А Битола**

2. Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка да се уредат со посебен договор. Договорот да се склучи во рок од 5 дена од денот на конечноста на одлуката за избор на најповолен понудувач.

О б р а з л о ж е н и е

Од содржината на Извештајот Су.бр.01-5/2016 од 03.02.2016 година, доставен од Комисијата за јавни набавки при Апелациониот суд Битола, се утврди дека по огласот за барање за прибирање на понуди 1/2016 , во рокот определен во барањето од страна на судот , доставени биле 7- седум понуди и тоа од понудувачите : Македонска книга -28 Битола, ЕКОС ДООЕЛ Тетово, ПОНИР В КОПИ ДООЕЛА Скопје, ДЕНИЗА М ДООЕЛ Скопје, ДООЕЛ,,Инфотехника,, Битола,, ДОО ,,Барби,, Битола и ДОО,,Печатница 3Д - БД,, Битола.

Сите понудувачи се квалификувале за учество на електронската аукција како последна фаза во оваа постапка.

На електронската аукција за чие одржување сите понудувачи беа уредно известени , учествуваа 3 понудувачи.

Комисијата за јавни набавки , по завршувањето на е-аукцијата, во Извештајот Су.бр.01-5/2016 од 03.02.2016 година, на ВД Претседателот на судот му предложи да го избере како најповолен понудувач ДОО ,, БАРБИ,, Битола, ул. 11-ти Октомври бр.2-А Битола,со вкупна понудена најниска цена на стоките во износ од 282.150,оо денари без пресметан ДДВ .

Предвид на погоре наведеното , ВД Претседателот го прифати предлогот на Комисијата за јавни набавки и согласно член 142 став 5 и 6 од Законот за јавни набавки , одлучи како во изреката на одлуката.

ВД ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ
Љиљана Чочковска

**ПОУКА:** Рок за жалба 3 дена по приемот на одлуката , преку Апелационен суд Битола до Државната комисија за жалби по јавни набавки Скопје.

**ДНА**: **:** Македонска книга -28 Битола, ЕКОС ДООЕЛ Тетово, ПОНИР В КОПИ ДООЕЛА Скопје, ДЕНИЗА М ДООЕЛ Скопје, ДООЕЛ,,Инфотехника,, Битола,, ДОО,,Барби,, Битола и ДОО,,Печатница 3Д - БД,, Битола,